

# Аеродром ќе добие споменик на Јане Сандански

Советот на Општина Аеродром даде зелено светло за поставување споменик на Јане Сандански, кој ќе се работи според идејното решение на авторот Гоце Давидов. Споменикот ќе чини околу 150.000 евра и ќе биде поставен во зеленилото крај полициската станица на аголот на булеварите „Јане Сандански" и АВНОЈ. Финансиите ќе ги обезбеди Владата, која ќе донира 100.000 евра и Општината. Споменикот ќе се лее во бронза, а максималната дозволена висина ќе му биде 8,5 метри. **(С.Н.)**